**Република Македонија**

**Бр. _________**

**___________ Скопје**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Име на материјалот: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, по скратена постапка

Усогласеност со Програмата на Владата: Во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: НЕ

Итност на материјалот: ДА

Прилог:

- Мислење од Секретаријатот за законодавство
- Образец за фискални импликации
- Образец за проценка на влијание на регулативата
- Договорот за заем за Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи (на англиски и превод на македонски јазик)

| | |
|---|---|
| Дата на доставување на материјалот:<br><br>Скопје, .2010 година | ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА<br>И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br>м-р Зоран Ставрески<br><br>________________________ |

Подготвил: Наташа Лазаровска
Контролирал: Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
Недим Рамизи, заменик министер за финансии

Михајло Маневски, министер за правда
Ибрахим Ибрахими, заменик министер за правда

ПОВЕРЕНИЦИ:
Сузана Пенева, државен советник, Министерство за финансии
Билјана Бришкоска Бошковски, државен секретар
Лидија Гаврилоска, директор на Управата за извршување на санкции

Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, по скратена постапка

Скопје, јули 2010 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. _________
____________ Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132, 137 и 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија ви поднесува Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, по скратена постапка што го утврди на седница _________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии, Недим Рамизи, заменик министер за финансии, Михајло Маневски, министер за правда и Ибрахим Ибрахими, заменик министер за правда, а за повереници Сузана Пенева, државен советник, Министерство за финансии, Билјана Бришкоска Бошковски, државен секретар, Министерство за правда и Лидија Гаврилоска, директор на Управата за извршување на санкции.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

## 1. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Реформата на пенитенцијарниот систем во Република Македонија е дел од реформата на казненото законодавство и истата е во насока на исполнување на условите и апроксимација на стандардите потребни за обезбедување поквалитетно извршување на казната затвор, како услов за интеграција во Евро-атлантските структури.

Со Законот за извршување на санкциите од 2006 година утврдена е мрежа на казнено-поправни установи со цел да се подобрат условите за извршувањето казна затвор, обезбедување повисоко ниво на безбедност, како и подобри услови за сместување и работа на затворскиот персонал.

За успешно реализирање на реформата изготвена е Анализа на состојбите во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија, усвоена од Владата на Република Македонија. Анализата е направена врз основа на извршен непосреден детален увид на состојбите во сите установи и тргнувајќи од анализираните состојби и заклучните согледувања со целосно евидентирање на потребите согласно анализата, се определија приоритети за кои треба да се преземат итни мерки за обезбедување на ефикасно функционирање на секоја установа. Воедно, изготвена е детална студија и Програма со финансиска конструкција за реновирање и проширување на казнено-поправните установи, со што во наредниот период ќе се создадат услови за обезбедување на меѓународните стандарди за извршување на казната затвор и мерката притвор.

Реформата на пенитенцијарниот систем се имплементира преку две компоненти:

1. Подобрување на сместувачките капацитети на осудените и притворените лица преку изведба на градежни работи за изградба, реконструкција, реновирање и проширување на казнено-поправните установи.

2. Зајакнување на кадровските капацитети во казнено-поправните установи на вработените во секторите за: ресоцијализација, обезбедување, здравствена заштита и управување со установите.

Двете компоненти се утврдени врз основа на препораките на Европскиот комитет за превенција од тортура и нехуман или понижувачки третман или казнување на Советот на Европа и укажувањата на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност на Европската комисија.

Со реализацијата на реформата во пенитенцијарниот систем се очекува да се изврши промена на ликот на затворите во Република Македонија со што ќе се отстранат причините и ќе се надминат состојбите на кои повеќе пати се укажува од страна на надлежните домашни и странски институции и организации и ќе се добие:

- казнено-поправни и воспитно-поправни установи според европски стандарди со исполнување на Европските затворски правила;
- воспоставување на систем за континуирана превенција од корупција;
- хуманизација во извршувањето на казната затвор преку создавање на оптимални услови за престој и работа на осудените и вработените лица во затворите;
- создавање на услови за примена на нови форми на третман на осудени лица и проценка на ризик;
- зголемена безбедност во сите одделенија на пенитенцијарните институции;
- јакнење на здравствената заштита и поголема грижа за здравјето на осудените и притворените лица;
- создавање на услови за работа на персоналот во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, заради примена на современите методи на третман на осудените;
- одговорност за прекршување на одредбите за извршување на санкциите.

Главната и крајната цел на Министертвото за правда-Управата за извршување на санкциите, е остварување на професионално и ефикасно организирани и управувани казнено-поправни и воспитно-поправни установи, кои во континуитет обезбедуваат ресоцијализирани и интегрирани граѓани во општетството.

Во периодот 2008-2010, од страна на Министерството за правда - Управата за извршување на санкции подготвен е Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија, врз основа на претходна анализа на состојбите и потребите, а со поддршка на техничката помош обезбедена во рамките на ИПФ програмата (обезбедување на техничка помош од Фондот за инфраструктурни проекти за Западен Балкан).

Со имплементација на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, ќе се овозможи максимална примена на Евриопските затворски правила и стандарди, со што ќе се придонесе за значително подобрување на условите за престој/живеење во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, но и за значително надминување и отстранување на неправилностите во третманот и постапувањето спрема осудените, малолетните и притворените лица.

Вкупниот износ на Проектот е 52 милиони евра, додека износот на Заемот е 46 милиони евра, при што Република Македонија ќе учествува со 10%од вкупниот износ на проектот, додека останатите 90 % се обезбедени преку овој Заем. Износот на буџетското кофинансирање изнесува 2,5 милиони евра, додека останатите средства се обезбедени од ИПА 2009 и ИПА 2010, како и од Фондот за инфраструктурни проекти за Западен Балкан и Норвешката Влада.

Проектот ќе се имплементира преку две компоненти:

Првата компоненета се однесува на подобрување на условите и/или зголемување на капацитетите за престој на осудените, притворените и малолетните лица, како и подобрување на условите на работните простории за персоналот од установите. Со оваа компонента се предвидува: изградба и реконструкција на КПД Идризово, изградба на

комплекс на Воспитно-поправен дом – Тетово, доградба на комплексот на Затвор Куманово и изградба и комплетно реновирање на Затвор Скопје.

Втората компонента се однесува на имплементирање на дел од реформите на затворскиот систем, кој се однесува на зајакнување и зголемување на капацитетите на вработените во установите.

Министерството за правда и Управата за извршување на санкции, заедно со експертскиот тим ангажиран во рамките на техничката помош, изработи Извештај за издржаност на проектот, кој беше предуслов за презенитрање на проектот пред Административниот Совет на банката за развој при Советот на Европа. Министерството за финансии го проследи Извештајот за издржаност на проектот до Банката и поднесе апликација за добивање на заем до Генералниот секретар на Советот на Европа на 8 март 2010. Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија е презентиран и одобрен од Административниот совет на Банката на 20 мај 2010.

Имплементатор на Проектот ќе биде Министерството за правда – Управа за извршување на санкции, кое за потребите на истиот има формирано посебна Единица за имплементација на проектот.

Финалниот текст на Рамковниот договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Банката за развој при Советот на Европа е усогласен на 24 јуни 2010, по пат на електронска комуникација меѓу претставниците на Банката за развој при Советот на Европа и претставниците на Македонската делегација. Македонската делегација беше составена од претставници од Министерството за финансии, Министерството за правда и Управата за извршување на санкции.

## 2. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на овој заем е подобрување на условите во казнено поправните и воспитно-поправните установи за престој на осудените и на вработените, односно и на третманот на осудените, малолетните и притворените лица.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија.

За таа цел, потртебно е Република Македонија да склучи Рамковен договор за Заем со Банката за развој при Советот на Европа, со цел обезбедување на средства за реализација на Првата компонента од овој проект.

За склучување на Рамковниот договор за Заем, потребно е да се донесе Закон за задолжување согласно постапката за задолжување, со склучување на Договор за Заем, утврдена во Законот за јавен долг (Сл. Весник на РМ бр. 62/05 и 88/08). Оттаму, Владата на Република Македонија изготви Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа, по Рамковниот договор за

Заем, за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, по скратена постапка кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

## 3. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Вкупниот износ на Проектот е 52 милиони евра, додека износот на Заемот е 46 милиони евра, при што Република Македонија ќе учествува со 10%од вкупниот износ на проектот, додека останатите 90 % се обезбедени преку овој Заем. Износот на буџетското кофинансирање изнесува 2,5 милиони евра, додека останатите средства се обезбедени од ИПА 2009 и ИПА 2010, како и од Фондот за Инфраструктурни проекти и Норвешката Влада.

Деталната распределба на овие средства е дадена во приложениот образец за фискални импликации.

## 4. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛЕНИ СУБЈЕКТИ

Финансиските средства потребни за спроведување на овој Закон, се образложени во дел 3 на овој Предлог на Закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

## 5. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНЦТРУКЦИЈА НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа, по Рамковниот договор за Заем, за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на Закон
за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Банката за развој при Советот на Европа со заем во износ од 46.000.000 ЕВРА, за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи.

Член 2

Условите и начинот на користење на средствата од заемот од членот 1 на овој закон, ќе бидат утврдени со Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Банката за развој при Советот на Европа.

Условите на користење на средствата на секоја транша поединечно ќе се утврдуваат со Дополнителните договори за заем, кои се составен дел од Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи.

Во име на Република Македонија, Рамковниот договор за заем од став 1 од овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот на отплата на заемот од член 1 од овој закон е најмногу 20 години, со вклучен грејс период до 5 години.

Првата транша треба да се повлече во рок од 12 месеци од влегувањето во сила на Рамковниот договор за заем од член 2 став 1 од овој закон и не треба да надмине 25% од вкупниот износ на заемот.

Повлекувањата на секоја следна транша ќе се реализира откако Република Македонија писмено ќе ја извести Банката за развој при Советот на Европа дека 90% од износот на претходната транша е алоциран.

Член 4

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно, на денот на повлекувањето на средствата од заемот, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или варијабилна).

Член 5

Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи од Рамковниот договор за заем од член 2 став 1 ќе го реализира Министерството за правда- Управа за извршување на санкции.

Член 6

Република Македонија заемот ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ:

Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи во Република Македонија, се очекува да ги подобри условите за престој и сместување на лицата лишени од слобода, но и на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, како и да ја докомплетира новата мрежа на казнено-поправни установи (со доизградба и ставање во функција на Затвор Куманово), предвидена со Законот за извршување на санкциите.

Вкупниот износ на Проектот е 52.000.000 ЕВРА, додека износот на заемот е 46.000.000 ЕВРА, при што Република Македонија ќе учествува со 10% од вкупниот износ на проектот, додека останатите 90% се обезбедени преку овој заем. Износот на буџетското ко-финансирање е 2.500.000 ЕВРА, додека останатите средства се обезбедени од ИПА 2009 и ИПА 2010, како и од Фондот за инфраструктурни проекти и Норвешката Влада.

Со имплементација на овој проект, Република Македонија ќе добие затвори според европски стандарди со што ќе се придонесе кон подобрување на условите во казнено-поправните установи и надминување на одделни состојби за отстранување на неправилностите во третманот и постапувањето спрема осудените, малолетните и притворените лица.

Понатаму, реализацијата на овој проект ќе придонесе до промена на изгледот на затворите во Република Македонија остварувајќи:

- казнено-поправни и воспитно-поправни установи според европски стандарди со исполнување на Европските затворски правила;
- воспоставување на систем за континуирана превенција од корупција;
- хуманизација во извршувањето на казната затвор преку создавање на оптимални услови за престој и работа на осудените и вработените лица во затворите;
- создавање на услови за примена на нови форми на третман на осудени лица и проценка на ризик;
- зголемена безбедност во сите одделенија на пенитенцијарните институции;
- јакнење на здравствената заштита и поголема грижа за здравјето на осудените и притворените лица;
- создавање на услови за работа на персоналот во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, заради примена на современите методи на третман на осудените;
- одговорност за прекршување на одредбите за извршување на санкциите.

Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи ќе започне со реализација во 2010 година, а да заврши на 31.12.2015 година. Крајниот датум на затворање на проектот е 30.06.2016 година.

Заемот е доделен под следните услови на Банката за развој при Советот на Европа:

Рок за отплата – Рокот за отплата ќе се утврдува за секоја транша одделно, при што рокот на отплата може да биде до 20 години, вклучувајќи грејс период до 5 години.

Повлекување – Заемот ќе се повлекува во транши. Износот на секоја транша ќе се одредува во зависност од напредокот во градежните работи и планираните активности за идниот период. Заемот ќе се повлекува во најмалку две транши.

Првата транша треба да се повлече во рок од 12 месеци од стапувањето на сила на Рамковниот Договор за заем и не треба да надмине 25% од вкупниот износ на заемот. Повлекувањето на следните транши ќе се реализира откако Република Македонија писмено ќе ја извести Банката дека 90% од износот на претходната транша е алоциран.

Каматната стапка – Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно. Каматната стапка за сервисирање на заемот може да биде варијабилна или фиксна. Варијабилната каматна стапка е ЕУРИБОР зголемен за варијабилен распон.

Единица за имплементација на проектот – за имплементација на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи е основана Единицата за имплементација на проектот, која функционира во рамки на Министерството за правда-Управа за извршување на санкции. Согласно Рамковниот договор за заем, Министерството за правда-Управа за извршување на санкции ќе биде одговорна за спроведување на проектот преку Единицата за имплементација на проектот.

Набавки – предвидените набавки на стоки, услуги и работи, ќе се спроведуваат согласно важечката македонска законска регулатива за Јавни набавки, и во согласност со Упатствата на ЦЕБ Банката (верзија 3 – ноември 2004).

Мониторинг – Единицата за имплементација на проектот, покрај следењето на реализацијата на целиот проект, ќе води и одделна сметководствена и друга евиденција за реализација на проектот, во согласност со важечката македонска законска регулатива.

Единицата за имплементација на проектот, во периодот на имплементација на проектот, има обврска најмалку еднаш годишно, од повлекувањето на заемот, да доставува до ЦЕБ мониторинг извештај. Истата обврска за доставување мониторинг извештај, ќе треба да се исполни и пред повлекувањето на секоја транша, со исклучок на првата. Овие извештаи треба да бидат во форма и содржина задоволителна за ЦЕБ.

Со цел реализирање и делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, потребно е Република Македонија да склучи Рамковен Договор за заем со ЦЕБ, со кој ќе се регулираат правата и обврските на договорните страните, кои ќе произлезат од овој Договор.

За склучување на Рамковниот договор за заем, потребно е да се донесе закон за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем утврдена во Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“бр. 62/05 и 88/08). Оттаму, Владата на Република Македонија изготви: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, по скратена постапка кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Рамковниот договор за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Реализацијата на овој проект ќе придонесе во остварувањето и на следните цели:

- казнено-поправни и воспитно-поправни установи според европски стандарди со исполнување на Европските затворски правила;
- воспоставување на систем за континуирана превенција од корупција;
- хуманизација во извршувањето на казната затвор преку создавање на оптимални услови за престој и работа на осудените и вработените лица во затворите;
- создавање на услови за примена на нови форми на третман на осудени лица и проценка на ризик;
- зголемена безбедност во сите одделенија на пенитенцијарните институции;
- јакнење на здравствената заштита и поголема грижа за здравјето на осудените и притворените лица;
- создавање на услови за работа на персоналот во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, заради примена на современите методи на третман на осудените;
- одговорност за прекршување на одредбите за извршување на санкциите.

Во Казнено-поправен дом – Идризово се предвидува:

- изградба на ново Приемно одделение – со капацитет од 60 места
- обнова на постојното Затворено одделение (А)- 300 места
- изградба на ново Затворено одделение (Б) – 488, со неколку специјални под-одделенија (специјално, програмски под-одделенија, под-одделение со висока безбедност и за доживотно осудените) – 94 места
- изградба на ново Полуотворено одделение – 228 места
- Реконструкција на Отворено одделение и изградба на нови под-одделенија – 262 места
- реконструкција и изградба на нови под-одделенија во Женското одделение – 78 места

- реновирање на Административната зграда и ресторанот за персоналот
- изградба на нова Главна капија и Центар за посети (видувална)
- изградба на ново Здравствено одделение за обезбедување на здравствени услуги
- изградба на Спортска сала
- изградба на нови Работилници и Магацини
- изградба на Периметарен ѕид и огради и
- изградба на Пречистителна станица.

Согласно проектните решенија ќе се зголеми капацитетот на установата за 685 места со што вкупниот капацитет на оваа установа ќе биде 1510 места.

Во Затворот Скопје е предвидено :

- уривање на постојните две крила и изградба на ново Притворско одделение, со вкупно четири под-одделенија – со капацитет од 200 места
- изградба на ново Затворено одделение – 40 места, со Приемно одделение – 24 места
- реновирање и проширување на Здравственото одделение
- изградба на ново Полуотворено одделение и кујна – 100 места
- реновирање на Отвореното одделение - 104
- реновирање на Административна зграда
- реконструкција на Центар за посети (видувална)
- изградба на нова Главна капија
- безбедносен Периметарен ѕид и огради.

Согласно проектните решенија вкупниот капацитет на Затворот ќе се зголеми од 477 на 634 места.

Во Воспитно-поправниот дом Тетово се предвидува изградба на нов комплекс со следните содржини:

- сместувачки капацитети - три павиљони - 84 места
- администрација, кујна и здравствено одделение
- приемно одделение
- центар за посети
- работилници и училници
- спортски терени
- пречистителна станица и резервоар за вода
- периметарна безбедносна ограда

Согласно проектните решенија се предвидува изградба на нов комплекс со 84 места за штитениците кои ќе бидат сместени во три павиљони.

Во Затворот Куманово (капацитет: 50 притворени и 200 осудени лица) се предвидува доизградба на комплексот со следните содржини:

- Административна зграда со центар за посети и здравствен оддел

- Блок со кујна, трпезарија, перална
- Блок со работилници, магацин и училници
- Гаража и енергетски блок
- Спортски терен на отворено
- Периметарна безбедносна ограда
- Изградба на Пристапен пат во должина од 1300 м.

ОБРАЗЕЦ
ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ
ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

<table>
<tr><td>Назив на предлогот: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, по скратена постапка</td><td colspan="3">2. Министерство / Орган на управа:<br><br>Министерство за финансии</td><td></td></tr>
<tr><td>3. Цел на предлогот: Обезбедување на средства за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи</td><td colspan="3">4. Вид на предлог:<br><br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, по скратена постапка</td><td></td></tr>
<tr><td>5. Контакт лице и звање:<br>Сузана Пенева, државен советник</td><td colspan="3">6. Контакт тел / факс или електронска пошта:<br><br>тел : 3106 454<br>suzana.stoimceva @finance.gov.mk</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="5">7. Активност</td></tr>
<tr><td>8. Вид на барање:</td><td>( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива</td><td>( X ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување/намалување на постоечка програма</td><td colspan="2">( ) Прераспределба (на средствата) меѓу две програми<br><br>( ) Спојување на две или повеќе програми</td></tr>
</table>

9. Цел на барањето/ предложената активност: Целта на овој заем е подобрување на условите во казнено-поправните установи и надминување на одделни состојби за отстранување на неправилностите во третманот и постапувањето спрема осудените, малолетните и притворените лица.

10. Врска со владината програма:

| 11.Фискални импликации | (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 64.900 | 23.672 | 49.661 | 47.344 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (C-D) | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Ѓ. Зголемување/намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор: Заем од Банката за развој при Совет на Европа во износ од 46.000.000 Евра | 49.048 | 131.510 | 275.895 | 263.020 |
| 12.Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13.Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата ( а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11 А и 11 Г) | Банката за развој при Совет на Европа одобри заем во износ од 46.000.000 ЕВРА кој ќе се сервисира согласно условите кои се дефинирани со Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи и Дополнителните Договори за заем кои се составен дел на Рамковниот договор за заем. | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката: | | | | |
| 16. Дата на донесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18.Измени побарани од Министерство за финансии: | | | |
| 19. Одговор на Министерството - предлага: | | | |
| 20. Одговор од Министерство за финансии: | | | |
| 21.Дали мислењето на Министерство за финансии е дадено во прилог: | | | |
| 22.Одобрен/ дата:<br>________________________<br>__<br>Потпис на државен секретар или директор на орган | /07/2010<br>Ден / месец / год. | ________________<br>Потпис на Министерот | /07/2010<br>Ден/ месец / год. |

изработил: Наташа Лазаровска
согласен: Андрија Алексоски
одобрил: Сузана Пенева